

Кога радиоапаратите станале достапни, луѓето почнувале да ги купуваат и да слушаат разни програми, вклучувајќи емисии од Источна Европа и Федеративна Република Македонија. Грчката полиција станала будна и внимателна и во многу прилики ги набљудувала дворовите, прислушувајќи какви програми слушаат.


Оние кои биле фаќани дека слушаат странски програми, биле обвинувани за шпионажа. Македонскиот јазик бил уште еднаш забранет за употреба, а буквата “М” станала валкана буква, дури и ако била изговорена на радио. Откако Грција ја освоила македонската територија, последователните грчки влади одбивале да го признаат постоењето на македонскиот јазик.


Еден по еден, сите оние што се вратиле од земјите на Источна Европа заминале во Канада, САД и Австралија, бидејќи тие повеќе не можеле да го трпат грчкото угнетување. Тие ја вкусиле слободата и ја сакале повеќе, па иако тоа би можело да значи и напуштање на саканите прадедовски домови.

Тие запамтиле каков бил животот пред последното грчко заоструване на дисциплината, а сега тоа не било така. И луѓето се промениле и, иако се уште биле љубезни и учтиви, нивниот дух бил скршен. Секој бил уплашен, внимавал да не каже нешто инкриминирачко, како за секој збор да се носеле пресуда и казна.


Децата родени во текот на обој период, биле одгледани да веруваат дека ете таков е животот и претпоставувале дека тоа е најдобриот можен живот што некој може да го има. Биле учени да разберат дека Грција била лулка на демократијата, дека никој на светот не е послободен од Грците. Оние кои знаеле подобро, не се осмелувале да зборуваат. Имало извесни работи за кои не можело ништо да се стори или да се дискутира за нив, особено не за грчката Граѓанска војна.


Map Of CANADA
ELLESMERE ISLAND
Alert
ARCTIC OCEAN
Icebreaker Ship
BEAUFORT SEA
ALASKA (USA)
DEVON ISLAND
BANKS ISLAND
BAFFIN BAY
ARCTIC CIRCLE
VICTORIA ISLAND
Polar Bear
BAFFIN ISLAND
Inuit
Oil
Dawson
YUKON
Mt. Logan 16,400 ft
Great Bear Lake
Furs
Whitehorse
NORTHWEST TERRITORIES
Wolf
Gold
NUNAVUT
FOXE BASIN
Gannet
LABRADOR SEA
HUDSON STRAIT
Yellowknife
Diamonds
CANADIAN SHIELD
Great Slave Lake
ROCKY MOUNTAINS
BRITISH COLUMBIA
Mounta
Lake Athabasca
HUDSON BAY
NEWFOUNDLAND & LA
Arctic Fox
Smallwood Reservoir
Seal
Grizzly Bear
ALBERTA
SASKATCHEWAN
Moose
Churchill
Beaver
Prince George
Reindeer Lake
Totem Pole
Edmonton
Grain
MANITOBA
Timber
JAMES BAY
Black Bear
Septembe
GULF OF ST. LAWRENCE
Victoria
Vancouver
Calgary
Saskatoon
Lake Winnipeg
Canada Goose
QUEBEC
Paper
Calgary Stampede
Regina
Maple Tree
ONTARIO
Raccoon
Fredericton
Halifax
Winnipeg
Ice Hockey
Quebec
Thunder Bay
Lake Superior
CN Tower
Montreal
Ottawa
NEW BRUNSWICK
UNITED STATES OF AMERICA
Lake Huron
Lake Ontario
Toronto
Niagara Falls
Lake Michigan
Windsor
Lake Erie
(C) 2009 Mark Alexander Smith





РИСТО СТЕФОВ И



СЛАВЕ КАТИН